**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:
Датум: .2011 година
С К О П Ј Е

Согласно *Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите* (Сл. весник на РМ бр. 120/2010) студентите имаат обврска да реализиралаат практична настава после секоја студиска година. Услов за запишување во наредниот (зимски) семестар е извршена практична настава.

**I Обврски на Факултетот**

1. Факултетот е обврзан да изнајде организација, установа односно фирма каде студентот ќе ја реализира наставата. За таа цел Факултетот треба да склучи меморандум за соработка со што повеќе субјекти чија дејност на работење е поврзана со студиските програми што ги негува Факултетот

2. Факултетот изработува потврда (прилог бр.1) која ја потпишува деканот. Вториот дел од потврдата треба да биде потпишан од фирмата каде е извршена практичната настава. Така потпишаната потврда студентот ја доставува до координаторот од соодветната студиска програма заради верифицирање. Заедно со потврдата студентот приложува и дневник што го води за време на практичната настава. Дневникот го потпишува студентот, а го парафира вработениот задолжен за реализација на практичната настава во фирмата.

3. Факултетот определува ментори од редот на наставници кои ќе се грижат за успешно реализира на практичната настава од страна на студентот. Менторите се определуваат од редот на наставниците кои држат настава на соодветната студиска програма.

**II Обврски на студентите**

1. Студентите кои обезбедиле потпис од вежби од предметот *Основи на електротехника* се сметаат дека имаат извршено практична настава во рамките на теренската настава која е утврдена со студиските програми за предметот основи на електротехника (3+2+1+1).

2. Студентите кои слушале претежно предмети од втора година потребно е да извршат студентска пракса (практична настава) во траење од 30 дена во фирми со кои, во принцип, Факултетот има склучено меморандуми за соработка. Практичната настава може да се изведе и во фирми кои студентите сами ќе ги изберат и ќе ја реализираат согласно воспоставените правила на ФЕИТ. Ваквиот начин на изведување на практична настава се однесува и за студентите по завршена трета година. Студентите кои ќе ислушаат предмети претежно од четврта година, а нема да ги положат сите испити до 15 септември од истата учебна година кога ги

ислушале ќе имаат обврска да реализираат практична настава и по четвртата година.

Студентите на кои се однесуваат овие правила за студентска пракса со иновирање на студиските програми ќе добијат соодветен број на кредити за секоја реализирана практична настава. До изменувањето и дополнувањето на студиските програми студентите со две односно три реализирани студентски пракси добиваат вкупно три кредити.

Горенаведениот начин на реализација на студентска пракса (практична настава) се однесува на студентите запишани од учебната 2009/2010 година

**Напомена:** како студентски пракси се признаваат и праксите реализирани во странство преку студентските асоцијации и специјализирани организации.